Наративен извештај за март 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец март 2019 година, Директорот на ЈП за државни патишта имаше интензивна агенда на активности, а сè со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година.

Активностите за овој месец  започнаа со посетата на патот Р1301 Транзит низ Охрид до бензинска пумпа, со должина од 5,6 км., каде што ГП Илинден започна со градежни активности за рехабилитација. Проектот на регионалниот пат Транзит низ Охрид е со вредност од 0,813 милиони евра, а средствата се обезбедени преку буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта.

Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов и Директорот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – ИЗИИС, потпишаа Меморандум за научно - апликативна соработка. Со Меморандумот се утврдува рамката меѓу двете договорни страни за работи од заеднички интерес базирани на искористување на научно – апликативните, професионалните, материјално – техничките и просторните услови насочени кон унапредување на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на планирање и управување со транспортните системи и други инфраструктурни системи во нашата земја.

Беше реализирана работна средба со Претседателот на Здружението за градежништво, индустрија на градежни материјали и неметали при Стопанска комора на Македонија, Претседателот на групацијата за агрегати, бетони и асфалти, како и со Директорот на Институтот за стандардизација, на тема: Преземање активности во врска со процесот за донесување на техничките услови, со посебен осврт на техничките услови за битуменски мешавини.

Јавното претпријатие за државни патишта се стекна со меѓународно признат сертификат за одличност во спроведувањето на јавните набавки од страна на Институтот за набавки и снабдување од Велика Британија. Со стекнатиот сертификат се потврдува континуираното работење на подобрувањето и ефикасноста во спроведувањето, управувањето и мониторингот на јавните набавки во Јавното претпријатие за државни патишта.

Во Јавното претпријатие за државни патишта се одржа Презентација за изработка на вертикална сигнализација, квалитет, барања и примена (по EN Стандарди) со претставници од српската компанија 3М, која најпрво ја претстави палетата производи која ги нуди (ретрорефлектирачките фолии кои се користат во изработка на сообраќајните знаци, како и основната апаратура која е потребна за испитување на квалитетот на сообраќајните знаци), а ги презентираа и карактеристиките и сертификатите на своите производи. На презентацијата беа присутни претставници од градежни компании, компании за надзор и проектирање, како и професори од Градежниот факултет – Скопје.

За списанието ПресИнг Директорот Зоран Китанов даде Интервју на тема: Патна инфраструктура според највисоките технички стандарди за европска Македонија. Во интервјуто беа опфатени најзначајните патни правци, изградбата на експресните

патишта, кои се приклучуваат на главните коридори, рехабилитираните и реконструираните регионални и локални патишта, со кои се заокружува една целина, која ќе овозможи подобра поврзаност на цела патна мрежа. Современата и ефикасна патна инфраструктура е предуслов за економски развој и одговор на потребите на граѓаните и индустријата.

Направен беше теренски увид од страна на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, на Магистралниот пат Делчево – Звегор со должина од 5 км. Оваа делница спаѓа во 12–те патишта кои се финансирани преку средства од Светска Банка во вкупна вредност од 14,3 милиони евра и истите се поделени во 4 ЛОТА, при што рехабилитацијата на делницата Делчево – Звегор спаѓа во 3 ЛОТ, кој е во вредност од 3,3 милиони евра.

Директорот Зоран Китанов одржа Прес конференција на која ја информираше јавноста за капиталните инвестиции што претпријатието ги реализира во првиот кватрал од 2019 година, а ги најави и проектите кои ќе се реализираат во текот на оваа година. Директорот потенцираше дека во првиот квартал од 2019 година беа реализирани **48 милиони евра** капитални инвестиции само преку буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта, за разлика од **15,3 милиони евра** реализирани инвестиции во истиот квартал од 2018 година. Тој напомена дека Јавното претпријатие во моментот работи на вкупно 94 проекти, со вкупна должина од преку 700 км. патишта, како и мостови и патарини со вкупна вредност од над 850 милиони евра.

Исто така од страна на Директорот Зоран Китанов беше направен увид на Регионалниот пат Р1106 Јурумлери – Драчево со должина од 4 км., каде се асфалтирани 500 метри, а на преостанатата должина се работи на тампонирање. И Овој регионален пат спаѓа во 12–те патишта што се финансирани преку

Светска банка. Вкупната вредност на 12–те патишта изнесува 14,3 милиони евра, а регионалниот пат Јурумлери – Драчево спаѓа во вториот ЛОТ со вредност од 4,4 милиони евра.